Нацрт

Врз основа на член 22, став (1) точка 2 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ) и член 45 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на ден _ .11.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година

### I. Цели

- Воспоставување интегриран мониторинг за утврдување на квалитетот на водите во општината;
- Спроведување Оцена на влијанието врз животната средина при изведба на инфраструктурни проекти и урбанистички планови кои ги донесува општината;
- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината преку зголемено искористување на еколошки прифатливи извори на енергија и зголемена употреба на велосипедот како превозно средство;
- Подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината преку имплементација на мерки за редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот;

### II. Активности

1. **Мониторинг на квалитетот на водата на локациите за капење** – езеро Младост, река Тополка и река Бабуна, согласно Законот за водите.
2. **Изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП)** – Локалните акциони планови за животна средина, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на граѓаните, од интерес и во надлежност на општината. Овој стратешки документ ги детектира актуелните состојби во областа на заштита на животната средина и планира соодветни мерки за разрешување на идентификуваните проблеми.
3. **Изработка на проектна документација за животната средина:**
    - Елаборати за заштита на животна средина за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти во надлежност на општината,
    - Проектна документација за изградба на подземни контејнери (нови локации),
    - Стратегиска оцена за влијание врз животната средина за Измена на ГУП
    - Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал во населба Кермидна во Велес
4. **Согласно Планот за подобрување на квалитет на амбиентниот воздух 2023-2027**, а кои се однесуваат на:

- субвенционирање на физички лица за купен велосипед,
- субвенционирање на физички лица за купен клима уред инвертор,
- Чистење на диви депонии на територија на општина Велес

5. **Согласно Дозволата бр.11-4415/2 од 29.09.2025 год. за вадење на песок, чакал и камен од корито на Отовичка река,**
   - Расчистување и обезбедување на пропусна способност на Отовичка река – Делница 0+460.00 – 1+350.00
6. **Работно ангажирање на социјално ранливи категории на граѓани преку Јавен Повик** во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес.
7. **Согласно склучен Договор за донација бр.08-4296/2 од 01.11.2024 год. и Договор за соработка бр.08-4296/1 од 01.11.2024 година, Анекс бр.1 бр.08-972/1 од 04.02.2025 год.**,
   - Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машините на Пакомак со цел намалување и рециклирање на отпадот од пластична амбалажа.
8. **Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини во општината** согласно Оперативната Програма за подигнување на нови зелени површини за 2026 година, како и набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината.

| | Проект | Финансиски средства |
|---|---|---|
| **Р10** | **Заштита на животната средина и природа** | **11.820.000,00** |
| 1 | Анализа на квалитет на водите | 150.000,00 |
| 2 | Изработка на Локален еколошки акционен план | 400.000,00 |
| 3 | Проектна документација за животна средина: | |
| 3.1 | Елаборати за заштита на животната средина | 60.000,00 |
| 3.2 | Проектна документација за изградба на подземни контејнери (нови локации) | 60.000,00 |
| 3.3 | Стратегиска оцена за влијание врз животната средина за Измена на ГУП | 350.000,00 |
| 3.4 | Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал | 500.000,00 |
| 4 | Субвенционирање на физички лица- дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за: | |
| 4.1 | купен велосипед | 150.000,00 |
| 4.2 | купен инвертор | 750.000,00 |
| 4.3 | Чистење на диви депонии на територија на општина Велес- дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух | 800.000,00 |
| 5 | Расчистување на и обезбедување на пропусна способност на Отовичка река –Делница 0+460.00 – 1+350.00 | 4.000.000,00 |
| 6 | Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите | 50.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес | 2.400.000,00 |
| 8 | Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак- согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенцијата за млади и спорт на РСМ | 150.000,00 |
| 9 | Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување | 2.000.000,00 |
| **РА0** | **Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)** | **2.200.000,00** |
| 1 | Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини – согласно Оперативната програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини | 2.000.000,00 |
| 2 | Набавка на садови за хортикултурно уредување | 200.000,00 |
| **ВКУПНО:** | | **14.020.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупните средства од 14.020.000,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2026 година, од надоместокот за поседување на Б-Интегрирани еколошки дозволи, Дозволи за усогласување со оперативен план, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини и од други такси и надоместоци.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде дадена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

Во Програмата за заштита на животната средина се предвидени законски утврдените активности во делот на планирањето, проектирањето и директните мерки кои треба да се превземат.

Главен акцент е даден на активностите околу управувањето со јавната чистота и со отпадот, како директна надлежност на општината согласно Програмата за одржување на јавната чистота, спроведување на Планот за подобрување на квалитет на амбиентниот воздух 2023-2027 како и активности на одржување на коритото на Оотвичка река и подигање на нови и одржување на зелените површини во општината заради подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, просторното уредување и сл.

Програмата предвидува и подготовка на проектна документација за влијанијата врз животната средина при изведбата на инфраструктрните проекти на територијата на општината, а во врска со планирање, управување и заштита на животната средина како и вклучување на лица од ранливи категории.

Оваа Програма предвидува проекти во насока на одржлив развој на општината и заштита на животната средина.

За реализација на оваа Програма потребни се 14.020.000,00 денари.